Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

ДО: ______________________________

Бр. 08- 8687/1
Скопје 21-12-2018 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Република Македонија
Тел:+ 389 2 3255-751
Е-пошта:
andriana.matlioska@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Известување

Почитувани,

Министерството за финансии согласно Законот за буџети, ги известува јавните претпријатија и јавно правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, за обезбедени средства во финансиските планови за тековната фискална година при нови вработувања, пополнување испразнети работни места, вработување работници на определено време и при склучување договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи.

Во смисла на наведеното укажуваме на задолжението од Изводокот од Нацрт – записникот од сто и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.12.2018 година, согласно кое Финансиските планови за 2019 година на споменатите субјекти треба да се доставaт до Владата на Република Македонија, по претходно добиено мислење од Министерството за финансии.

Имајќи го предвид наведеното, во однос на барањата за согласност за вработување за 2019 година, Министерство за финансии ќе постапува согласно со своите надлежности, по исполнување на задолжението од сто и шестата седница на Владата на Република Македонија.

Воедно во контекст на Изводокот од Нацрт – записникот на сто и десеттата седница на Владата, одржана на 18.12.2018 година, со кој се доставуваат унифицирани табели/урнеци за пополнување на податоците од годишните финансиски планови, инвестициони програми и програми за работа, а со цел полесно, унифицирано и поефикасно следење на работењето, Министерството за финансии Ве известува дека при доставување на наведените материјали на мислење до Министерството за финансии потребно е истите задолжително да содржат податоци за вработените и ангажираните лица во институцијата. За таа цел во прилог се доставува табела (достапна и на веб страната на Министерството за финансии) која треба соодветно да се пополни и да биде составен дел на Финансискиот план на институцијата.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

Прилози:

- Изводок од Нацрт – записник од сто и шестата седница на Владата на РМ, одржана на 4.12.2018 година
- Преглед на реализирани и планирани средства за бруто плати и средства за ангажирање лица

Изработил: м-р Андриана Матлиоска
Проверил: Весна Крпачовска
Одобрил: Маја Аргировска
Тања Трипунова
Согласен: Елена Трпковска